Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 07.12.2022

Денеска (07.12.2022) околу 01.50 часот во гостиварско Неготино, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Х.Б.(33) од Кавадарци. Тој се сомнева дека претходно на улица „143" во Гостивар одјел патничко возило „форд ескорт" со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на А.С.(44) од Гостивар. Возилото било вратено на сопственикот, а тој бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.12.2022) во 00.15 часот на граничен премин Стар Дојран, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Стар Дојран, во координација со царински службеници откриле кривично дело „криумчарење" по член 278 од Кривичниот законик. При преглед во патничко возило „ауди А8" со царигорски национални ознаки, управувано од С.П.(66) од Република Грција, во неговиот прегради во багажникот биле пронајдени 1250 кутии цигари за кои не поседувал документација. Возилото и цигарите биле преземени од Царинската управа за понатамошна постапка.

На 06.12.2022 во 17.40 часот на ул.„Загребска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје ја лишиле од слобода М.С.(32) од Демир Капија. Таа била барана по централна потерница по наредба на Основен суд Неготино за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 377 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (07.12.2022) во 04.10 часот на подрачјето на Центар - Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода К.Б.(33), Т.К.(35) и М.Б.(38), сите од Скопје, затоа што кај них била пронајдена и одземена пушачката материја. По документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.12.2022) во 05.00 часот во с.Сопиште, скопско, на патот за Сончев град, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода ги лишиле од слобода Л.Б.(18) и П.Ф.(18), двајата од Скопје, затоа што кај них биле пронајдени и одземени марихуана и две дробилки. По документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.12.2022) во 03.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ш.А.(31) од с.Сингелиќ, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела пушачката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 во 22.00 часот на клучка Идризово - Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле А.С.(22) од с.Катланово, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени пиштол „еко фират магнум" и една кутија со 19 куршуми. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.12.2022) во 03.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.М.(19) од с.Сингелиќ, скопско, затоа тоа што кај него биле пронајдени и одземени цветови од канабис, ризли и дробилка со остатоци од марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 околу 20.20 часот на улица „Штипска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.А.(25), Х.К.(24) и Е.С.(21), тројцата од гостиварски Ѓорѓијоци. При ниевен и преглед на патничко возило „опел зафира" со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана и дробилка. Тројцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 06.12.2022 околу 09.40 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од тетовско Шемшово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2022 околу 01.40 часот на крстосницата на улиците „Благоја Тоска" и „Киро Ристевски-Дрнџ" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 21-годишниот тетовец Љ.Р., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2022 околу 00.30 часот на регионалниот пат Тетово-Јажинце, во тетовски Лешок, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Х.А.(45) од Скопје, затоа што при негов и преглед на патничко возило „лежо" со кумановски регистарски ознаки, во кое се превезувал со К.Г.(36) од Куманово и С.Л.(52) од Скопје, му била пронајдена марихуана. Х.А. бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање нас лучајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (06.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 194 возачи. Од нив десет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 95 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 99 надвор од населено место.

На 06.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 21 во населено место и 3 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за возачи почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некорисетење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 06.12.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Гази Баба, В.П.(70) од Скопје пријавила дека на ул.„Коце Металец" била касната од куче скитник.

На 06.12.2022 во 14.30 часот во СВР Тетово, 26-годишната гостиварка С.М. пријавила дека на улица „Илинденска" во Гостивар била касната од куче скитник.

Во 05.54 часот во СВР Скопје било пријавено дека во деловен објект на ул. „М.К.Бригада" во Скопје неколку лица со закана со оружје го нападнале чуварот Ш.М., а потоа запалиле банкомати кои биле во склоп на деловниот објект. Веднаш по добивената пријава преземени се мерки за пронаоѓање на сторителите и расчистување на случајот. Извршен е увид од јавен обвинител и екипи на СВР Скопје, при што е утврдено дека сторителите со употреба на експлозивна направа ги отворале банкоматите и одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.12.2022) во 12.00 часот на ул.„Димко Надов" во Велес, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода Ц.Н.(30) од Велес. Тој бил осуден на казна затвор од една година и два месеца за сторени кривични дела по член 236 од Кривичниот законик, за „тешка кражба". За него била распишана централна потерница по наредба од Основен суд Велес за доиздржување казна од речиси 12 месеци. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено - поправна установа за доиздржување на казната.

На 06.12.2022 околу 14.00 часот во струшката населба „Питишта", полициски службеници од ОВР Струга ги лишиле од слобода О.Л.(40) од Охрид и Г.С.(43) од охридското село Долно Лакочереј. При преглед кај них и во патничко возило, во кое биле, кај О.Л. била пронајдена и одземена марихуана, додека кај Г.С. биле пронајдени четири шишиња со течност. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 на ул.„Новачки пат" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода Ј.Н.(28) од с.Мусинци, С.К.(36) и Х.К.(22) од с.Долно Оризари, затоа што кај них биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутеста материја, дробилка и 12 куршуми за пиштол. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе следува соодветна пријава.

На 06.12.2022 во 18.40 часот, при контроли извршени во аторот на охридските села Вапила и Горно Лакочереј, полициски службеници од СВР Охрид и од Шумската полиција затекнале патничко возило „мицубиши пајеро" без регистарски ознаки, управувано од А.Л.(18), во кое солатник бил Н.К.(26), двајцата од Охрид. Притоа, било утврдено дека со возилото се врши транспорт на нежигосани огревни дрва, кои се одземени и предадени во склад на ЈП „Национални шуми" во Охрид. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 околу 16.30 часот во СВР Велес, во Казнено-поправната установа Затвор Велес – отворено одделение, било пријавено дека при редовен претрес на осудениците, кај Д.П.(26) од Велес била пронајдена марихуана. Полициски службеници извршиле увид и ја подигнале марихуана за понатамошна постапка.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.Т.(59) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давачко затајување" по член 279 од Кривичниот законик. Пријавениот, за реализирање приливи на девизни парични средства во вкупен износ од 43.600 евра во 2021 година, кои ги уплатил во готово на сопствената девизна трансакциска сметка, не пријавил и не платил данок на личен доход во износ од 10% или данок во износ од 268.140 денари. На тој начин пријавениот се стекнал со противправна имотна корист во износ од 268.140 денари, сума за која го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 06.12.2022, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода А.М.(61) од Штип, затоа што на 05.12.2022 во 22.40 часот на ул.„Сутрска" во Штип агресивно се однесувал кон 64 - годишна жена, и упатил закани и фрлал предмети кон нејзината куќа. Тој бил задржан во полициска станица и по судско решение бил спроведен за издржување на казна затвор.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.Н.(30) од охридското село Горно Лакочереј, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Тој, на 29.04.2022 година, во угостителски објект на улица „Стив Наумов" во Охрид на Ф.Ш.од Ресен му продал кокаин, кој потоа бил пронајден.

На 05.12.2022 околу 19.00 часот во Полициската станица Велес, 53-годишен жител од Велес пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 18.000 денари. Според пријавеното, лицето му се јавило и побарало од него да му организира превоз на возило од Росоман, поради наводно случена сообраќајна несрќа. Иста така, според пријавеното, откако се договориле, лицето повторно му се јавило и побарало од него на такси возач од Кавадарци да му даде 18.000 денари, кои биле потребни за лекување на лице наводно повредено во сообраќајната несрќа. Како што е пријавено, откако ги дал парите, отишол на местото и повеќе пати го барал лицето, но тоа не му одговорило на повиците, по што сфатил дека е измамен. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.12.2022 во Полициската станица Гази Баба бил извршен службен разговор со И.И. и А.М.Б., двајата од Скопје, затоа што претходно во просториите на ЈП „Комунална хигиена" во нас.Керамидница ми се заканувале и навредувале полициски службеник М.С., по што И.И. физички го нападнал. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 во Полициската станица Гази Баба бил извршен службен разговор со И.И. и А.М.Б., двајата од Скопје, затоа што претходно во просториите на ЈП „Комунална хигиена" во нас.Керамидница ми се заканувале и навредувале полициски службеник, по што И.И. физички го нападнал. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2022 во 12.00 часот во ОВР Струга, Е.Р.Ч.(57) и В.В.(80), двете од Струга, пријавиле дека на улиците „Маршал Тито" и „15 корпус" во Струга биле каснати од куче скитник.

СВР Битола, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против М.Д.(60) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност". На 21.10.2022, пријавениот не го врзал кучето – домашен миленик, кое излегло од неогреаниот двор и каснало малолетник, кој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола.

На 06.12.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Центар, И.И.(51) од с.Врапчиште, гостиварско, пријавил дека околу 12.00 часот на подрачјето на Центар две лица со употреба на физичка сила му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.12.2022 околу 14.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, двајца малолетници од Скопје биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 06.12.2022 во 21.00 часот во Полициската станица Карпош, С.С.(29) од с.Горно Коњаре, кумановско, пријавил дека околу 20.15 часот во Градски парк едно лице со закана му одзел пари и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2022 во 00.40 часот во Полициската станица Чаир, вработена во СОС „Детско Село Радишани" пријавила дека нивниот штитник И.П.(17) не се вратил во домот по дозволеното отсуство од 03.12. до 06.12.2022. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.12.2022 во 11.40 часот, А.Ј.(18) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „Магистрален пат" во Кичево била касната од куче скитник. Истиот ден, Е.М.(48) и Г.В.(72), двајцата од Кичево, пријавиле дека на булеварот „Ослободување" во Кичево биле каснати од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет